**20250511125**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 83 став (3), 84 став (1) и (2) и 87 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018, 245/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 180/2019 и 103/2021) и член 124 став (3), 125 став (1) и (2) и 128 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013 и Службен весник на Република Северна Македонија 103/2021) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седница одржана на 25.2.2025 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА СРЕДСТВАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ И ДОБРОВОЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

Во Правилникот за проценка на средствата на задолжителните и доброволните пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр.138/2008, 55/2013, 218/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија 41/2019, 250/2019 и 103/2024) во член 8, став (1), точката а) се менува и гласи:

„отворените инвестициони фондови се проценуваат според вредноста на уделот која е последно објавена од страна на Комисијата за хартии од вредност најдоцна до 8:00 часот на датумот на кој се прави проценката на средствата на пензискиот фонд, а цената се однесува за сите датуми за кои се прави проценката на средствата на пензискиот фонд;“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-323/3
25 февруари 2025 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Максуд Али,** с.р.